Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

## Извадок на дел од дневни настани 15.03.2024

На 14.03.2024, полициски службеници од ОВР Кочани при СВР Штип го лишиле од слобода Н.С.(43) од с.Горни Подлог, кочанско. При претрес во неговиот дом во с.Горни Подлог, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, машинка за изработка на цигари, воздушен пиштол калибар 4,5 мм и повеќе дијаболи калибар 4,5 мм за кои не поседувал документација. По целосно документирање на случајот, против Н.С. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Денеска (15.03.2024) во 10.40 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна единица при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја и марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.03.2024 во 23.20 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го привеле Г.П.(41) од Струмица, кој на 09.03.2024 во Полициската станица Струмица бил пријавен дека избегал од Казнено - поправната установа Затвор Струмица. Лицето било предадено во затворот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.Х.(26) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи на безбедноста“. На 09.03.2024 на магистралниот пат Кичево-Охрид, кај месноста „Копачка“, пријавениот физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија.

На 14.03.2024 од 09.00 до 15.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на товарни возила, во која биле откриени и санкционирани 6 технички неисправни возила (ТЕ-4 и ГВ-2) кои имале неисправни сопирачки, 1 возило (ТЕ) со истечена сообраќајна дозвола и 1 (ТЕ) со други недостатоци. Технички неисправните возила веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се поднесоци со парична глоба од 400 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, биле санкционирани и 8 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-6).

На 14.03.2024 во 09.40 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза“ било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Џ.Р.(63) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во фирма во населбата Илинден, скопско. Увид извршила екипа од СВР Скопје, а за настанот бил известен трудов инспектор.

На 14.03.2024 во ОВР Прилеп било пријавено дека во с.Пешталево, општина Долнени, при извршување работни задачи во дворното место од куќа сопственост на Б.С., со тешки телесни повреди се здобил Б.К.(34) од Република Албанија. Тој бил пренесен во болницата во Прилеп, од каде бил препратен во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 14.03.2024 во 21.50 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода В.Џ.(27), Х.А.(22) и Ш.Р.(25), сите од село Черкези, кумановско. Тие се сомничат дека на булеварот „Трета македонска ударна бригада“ во Куманово со тврд предмет ги нападнале И.Р.(18) и Х.С., двајцата од Куманово. Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

На 14.03.2024 во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип ги лишиле од слобода Љ.Д.(44) и Ш.Д.(54), двајцата од Штип, затоа што Љ.Д. се обидел со патничко возило „алфа ромео“ со кочански регистарски ознаки да удри полициски службеник, а Ш.Д. се однесувал агресивно и ги попречувал полициските службеници при преземање на службени дејствија. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.03.2024 во 22.45 часот во СВР Скопје, У.Д.(24) од Скопје пријавил дека во близина на Старата чаршија во Скопје, пред угостителски објект каде работел, бил физички нападнат од едно лице гостин во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2024 во 14.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Комплекс клиники „Мајка Тереза“ во Скопје настанал пожар во една барака. Од екипа на Бригадата за потивпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

На 14.03.2024 околу 13.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Кванташки пазар во Скопје било истакнато знаме на Република Северна Македонија, на кое во средината имало испечатен двоглав орел. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2024 во 17.33 часот во Полициската станица Драчево, Џ.Р.(23) од с.Батинци, скопско, пријавил дека во с.Батинци бил физички нападнат од Ш.А., С.А. и А.А., при што С.А. имал и пиштол. Во 17.37 часот, А.А. пријавил дека во с.Батинци, Ш.Н. и А.Б., за кои подоцна е утврдено дека биле со Џ.Р., со нож му упатиле закани. По преземени мерки, полициски службеници од Полициската станица Драчево ги пронашле сите инволвирани лица и се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 14.03.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, двајца полициски службеници, додека извршувале службени задачи, биле нападнати и каснати од неколку кучиња сопственост на М.Г.(54) од Скопје, за кој претходно било пријавено дека во дворот на небезбеден начин ги чувал кучињата. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.03.2024 во 20.40 часот во СВР Скопје, Ф.Р.(37) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот на подрачјето на Центар во Скопје, две лица физички го нападнале и му одзеле пари и мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за надворешни работи Кочани поднесе кривична пријава против двајца малолетници од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба“. На 27.01.2024, пријавените влегле во домот на С.М., физички го нападнале и му одзеле мобилен телефон и други предмети.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против В.З.(45) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста“. На 27.01.2024 во угостителски објект во Кочани, поради претходно меѓусебно недоразбирање, пријавениот упатил закани кон Х.П..

На 14.03.2024, полициски службеници од ОВР Прилеп го привеле Ч.С.(21) од с. Големо Коњари, прилепско. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба на Основен суд Прилеп, биле пронајдени и одземени воздушна пушка, повеќе куршуми и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. По целосно документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава.

На 14.03.2024 околу 20.00 часот на улица „Фуштанска“ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 23-годишниот тетовец С.Д. затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 14.03.2024 во 20.00 часот на пат за с.Беловодица - с.Царевиќ, полициски службеници од ОВР Прилеп при СВР Битола го лишиле од слобода В.С.(36) од Прилеп. При контрола на патничко возило „даеву” со кумановски регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени огревни дрва без документација. Дрвата биле предадени на Шумска полиција, а по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (14.03.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 167 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина шест санкции, 23 мерки за возење без возачка дозвола, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, седум мерки за користење на мобилен телефон при возење...

На 14.03.2024 од 20.00 до 22.00 часот, полициски службеници на тетовската Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај спровеле акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната со користење на таканаречениот „ноќен радар“. При контролата биле констатирани вкупно 7 пречекорувања на максимално дозволената брзина. При едно од пречекорувањата на дозволената брзина, регистрирано на автопатот Скопје – Тетово, кај клучката Север на влезот во Тетово, измерената брзина изнесувала 207 километри на час. На возачот на патничкото моторно возило „порше“, С.Е. од Република Косово, кој поседувал швајцарска возачка дозвола, изготвен му е сооодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (14.03.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 137 возачи. Од нив, 12 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 53 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 84 надвор од населено место.

На 14.03.2024 во 13.00 часот во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено дека на локалниот пат во с.Моштица, општина Македонска Каменица, кај маала „Мачуваница“, патничко возило „опел корса“ со регистарски ознаки од Македонска Каменица, управувано од С.И.(79) од Македонска Каменица излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициското одделение Македонска Каменица.

На 14.03.2024 во Полициската станица Карпош, И.К.(44) од Берово пријавил дека на ул. „Љубљанска“ во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 14.03.2024 во 12.30 часот во Полициската станица Карпош, С.К.(74) од Скопје пријавил дека на ул.„Качанички пат“ во Скопје бил каснат од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет